**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.03.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1233/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 март 2026 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 март 2026 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 март 2026 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 16 (временски периоди за категориите програми) од Правилникот за заштита на малолетните лица, играниот филм „**G. I. Jane** (**XHI-AJ XHEJN**)“, соодветно е обележан со предупредувачката сигнализација, за програма од – Трета категорија (12+), но емитуван е во несоодветен временски период од денонокието. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психо-физичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица и се класифицирани како - програма од трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „**G. I. Jane** (**XHI-AJ XHEJN**)“– игран филм | 08:56:46 | 10:56:52 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, на 3 март 2026 година, играниот филм „**G. I. Jane** (**XHI-AJ XHEJN**)“ означен како програма од трета категорија (12+), беше емитуван во несоодветен временски период од денонокието.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***